Универзитетски гласник

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Уредник на издавачката дејност на УКИМ
*Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,*
ректор

Уредник на *Универзитетски гласник*
*М-р Марија Маневска,*
генерален секретар

Лектура
*БЕСТЕЛ ДООЕЛ Скопје*
*29 Владимир Каваев*
*1000 Скопје*

Техничко уредување
*Зоран Кордоски*

# СОДРЖИНА

**СТАТУТ**
на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........3

**ОДЛУКА**
за давање согласност на Статутот на Машинскиот факултет во Скопје ........30

Врз основа на член 16 став 1 и член 110 став 1 точка 1 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ број 82/2018), како и член 3 став 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 425, 28 јуни 2019 година), Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 5 септември 2019 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

(1) Со овој статут се уредуваат начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, органите и телата, овластувањата и начинот на работа и одлучување, студентското организирање, печатот, знаците и другите обележја на Машинскиот факултет во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), како и други прашања што се од значење за вршење на дејноста за која е основан.

(2) За прашањата кои не се регулирани со овој статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

**Положба и основна дејност**

**Член 2**

(1) Машинскиот факултет во Скопје е јавна високообразовна установа, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

(2) Факултетот врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка високостручна дејност во студиското и научноистражувачкото подрачје на техничко-технолошките науки, во полето на машинството и индустриското инженерство и менаџмент, како и други со нив поврзани наставно-научни, истражувачки и стручни подрачја, полиња и области, според студиски програми на една или повеќе сродни и меѓусебно поврзани наставно-научни и стручни области од прв, втор и трет циклус на студии.

(3) Факултетот дејноста на високото образование, како дејност од јавен интерес, ја врши во согласност со начелата и за остварување на целите утврдени со Законот за високото образование.

**Член 3**

(1) Факултетот ја остварува дејноста од член 2 од овој статут и работи во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, овој статут и другите акти на Универзитетот и Факултетот.

**Назив и седиште**

**Член 4**

(1) Полниот назив на Факултетот е: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет - Скопје.

(2) Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет - Скопје.

(3) Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Mechanical Engineering – Skopje, Republic of North Macedonia.

(4) Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Mechanical Engineering – Skopje.

(5) Седиштето на Факултетот е во Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ број 18.

**Академска заедница**

**Член 5**

(1) Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

(2) Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

(3) Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со закон, со Статутот на Универзитетот, со овој статут и со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

(4) Членовите на академската заедница се должни да се придржуваат на одредбите на Етичкиот кодекс на Универзитетот.

## II. АКАДЕМСКА АВТОНОМИЈА

**Автономија**

**Член 6**

(1) Факултетот својата дејност ја врши врз начелото на академска автономија.

(2) Одредбите за автономијата утврдени со Законот за високото образование и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и за Факултетот.

**Мирно решавање на споровите**

**Член 7**

(1) Споровите што настануваат меѓу членовите на академската заедница на Факултетот и Универзитетот, како и споровите меѓу Факултетот и другите единици на Универзитетот, меѓу Факултетот и Универзитетот се решаваат со академска толеранција, спогодбено, во заедничките органи и на друг начин на разбирање.

(2) При решавањето на споровите од став 1 на овој член не може да се попречува редовното одвивање на дејноста на Факултетот, како и дејноста на другите единици на Универзитетот.

(3) За начинот на мирно решавање на

Статутот на Универзитетот**.**

**Еднаквост, недискриминација и инклузија**

**Член 8**

(1) Факултетот ќе се грижи за спроведување на политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија, во согласност со закон и Статутот на Универзитетот.

(2) За спроведување на политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија ќе биде надлежно телото за еднаквост, недискриминација и инклузија формирано на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## III. ПРАВЕН СТАТУС НА ФАКУЛТЕТОТ

**Правен статус**

**Член 9**

(1) Факултетот е високообразовна установа со права и обврски согласно со Законот за високото образование, со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

(2) Факултетот во правниот промет настапува под називот на Универзитетот и под својот назив, според овластувањата определени со Статутот на Универзитетот.

(3) Факултетот има сметка преку која располага со буџетските средства и една или повеќе сметки преку кои располага со средствата стекнати од други извори.

(4) Факултетот учествува во финансирањето на дејностите од заеднички интерес на Универзитетот (остварување на интегрираните дејности) согласно со Статутот на Универзитетот.

**Член 10**

(1) Факултетот е запишан во соодветните регистри на надлежните државни органи и надлежните институции.

**Печат, знаци и други обележја**

Печат

**Член 11**

(1) Факултетот има печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два концентрични круга. Во надворешниот круг е натписот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет, а во внатрешниот круг е натписот Република Северна Македонија.

(2) Печатот се употребува за архивското работење на Факултетот.

(3) Одлука за бројот на печатите и начинот на користење донесува деканот.

**Штембил**

**Член 12**

(1) Штембилот на Факултетот има правоаголна форма и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Машински факултет, број __.___/___ год., Скопје.

(2) Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

Знаци и други обележја

**Член 13**

(1) Факултетот има амблем (лого), знаме, инсигнии за деканот и одора.

**Амблем и знаме**

**Член 14**

(1) Амблемот (логото) претставува заштитен знак на Факултетот, со специфична и единствена структура и изглед, кој служи за идентификување и распознавање на ентитетот, како визуелен идентитет на Факултетот.

(2) Логото на Факултетот е стилизирана буква „М", како директна асоцијација на Машинскиот факултет, која е издвоена од коцка во перспектива (3D модел на коцка изработен во оптичка илузија во 2D) и натписот „МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ" кој е напишан од десна страна во три реда во висина на кракот на буквата „М". Логото содржи три бои, водечката црвено-портокалова, цигла боја (pantone 172C), која е аплицирана на превитканиот „раб" од буквата „М" и на зборот „МАШИНСКИ", црна (pantone blackC) и нејзиниот растер која е искористена за внатрешноста за логото и за зборовите „ФАКУЛТЕТ и СКОПЈЕ" и посветла црно-сива варијанта (pantone cool grey 4C), која е аплицирана на горната површина. Фонтот што е искористен за логото е VIN MONO PRO LIGHT. Логото (амблемот) се користи и без боја во сива палета на бои, како и инверзно-црно. Логото може да се користи и во форма кога текстот - натписот е напишан под буквата „М", но и без текст воопшто.

(3) Амблемот на Факултетот се употребува на знамето, на инсигниите на деканот, на уверенијата, на меморандумите, на плакетите, на изданијата, на рекламниот материјал и на останатиот корпоративен идентитет, како и на други пригодни одличја

Факултетот.

(4) Знамето на Факултетот е бело со правоаголна форма и во средината го содржи амблемот на Факултетот.

(5) Знаците и другите обележја Факултетот ги заштитува согласно со закон.

(6)При употребата на знаците и другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и знаците и обележјата на Универзитетот.

**Инсигнии за деканот**

**Член 15**

(1) Инсигниите на деканот на Факултетот, покрај единствените основи за инсигниите уредени со Статутот на Универзитетот, односно грбот на Универзитетот и делот што ги симболизира словенската писменост и култура го содржат и амблемот на Факултетот поставен од двете страни.

(2) Инсигниите на деканот ги носи деканот на промоции, прослави и други свечености на Факултетот и на Универзитетот, како и при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби и сл.

**Одора**

**Член 16**

(1) Одората за деканот и за продеканите на Факултетот се востановува со Статутот на Универзитетот, како единствена за сите негови единици.

(2) Одората е во црна боја со додаток во темноцрвена боја. Едниот дел од додатокот продолжува до половината на предната страна на одората, а другиот дел се префрла преку левото рамо и продолжува на грбот. Преку додатокот се поставуваат инсигниите.

(3) Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и на Универзитетот, како и при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби и сл.

**Датум на основање и ден на Факултетот**

**Член 17**

(1) Факултетот е основан со Законот за основање оддели на Техничкиот и Медицинскиот факултет на Универзитетот во Скопје, донесен од Народното собрание на Народна Република Македонија на **19 јуни 1959 година**, како Електромашински оддел на Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје. Со донесување на Законот за основање на Архитектонско-градежен, Електро-машински и Технолошко-металуршки факултет во Скопје од Собранието на Социјалистичка Република Македонија на 13 јули 1965 г., на 1 октомври 1965 година започнува да работи како Машински отсек на Електро-машинскиот факултет, односно во периодот 1 јануари 1977 - 30 јуни 1977 година, како отсек на Електротехничкиот и Машинскиот факултет. Со одлуки на одделните собири на

работниците, донесени на 1 јули 1976 година, согласно со Законот за здружениот труд и Законот за високото образование, дотогашната работна организација ЕМФ се дели на две ООЗТ. Како самостојна, ООЗТ Машински факултет работи до 30 јуни 1977 година. Во периодот 1 јули 1977 година - 30 јуни 1988 година, ООЗТ Машински факултет работи здружена во РО Универзитетски центар за математичко-технички науки. По расформирањето на Центарот, во периодот 1 јули 1988 година - 22 август 2002 година, Факултетот работи како самостојна РО. Врз основа на усогласување со Законот за високото образование (Службен весник број 64/2000), од 23 август 2002 година Факултетот се регистрира под називот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје Машински факултет - Скопје.

**Член 18**

(1) Ден на Факултетот е 19 јуни, датумот кога е донесен Законот со кој се започнати студиите по машинство во состав на Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје.

**Награди и признанија**

**Член 19**

(1) По повод јубилеи и други значајни настани, како и на промоции, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

(2) Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата со одлука ги утврдува Наставно-научниот совет.

## IV. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 20**

(1) Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност како единствен процес.

(2) Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на Универзитетот;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој статут;
4. организира научни собири, конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој статут;
5. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. издава уверенија и други исправи (документи) за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други исправи (документи) за статусот на студентот во текот на студирањето;
7. издава документи врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи на правни и физички домашни и странски лица;
8. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
9. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
10. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
11. организира стручна и административна служба;

12. врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот;
13. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
14. самостојно учествува и реализира домашни и меѓународни проекти;
15. води евиденции согласно со важечките прописи за водење евиденции за високото образование;
16. реализира форми на стручно и професионално усовршување;
17. врши и други работи утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

**Веб-страница на Факултетот**

**Член 21**

(1) Факултетот има веб-страница на македонски јазик и на англиски јазик на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на Факултетот (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
3. Актот за систематизација;
4. Деловникот за работа на Наставно-научниот совет;
5. Правилникот за плати и надоместоци на Факултетот;
6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година;
8. Завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
9. Годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
12. Докторските дисертации;
13. Акти кои ги носи Факултетот согласно со други закони;
14. Етичкиот кодекс.

(2) Деканатската управа донесува акт за изгледот на веб-страницата, за информациите кои ќе се објавуваат, одговорни лица за доставување и за објавување на информациите и сл.

## V. СТУДЕНТИ, СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

**Студенти**

**Член 22**

(1) Со статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница на Факултетот се стекнуваат студентите кои се запишуваат на студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии на конкурсите кои ги распишува Универзитетот.

(2) Студентите на Факултетот се запишуваат со статус на редовен студент, а за определени студиски програми може да се запишуваат и со статус на вонреден студент.

(3) Студентите на Факултетот имаат права и обврски утврдени со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот и актите на Факултетот.

(4) Факултетот донесува општ акт со кој поблиску ги уредува постапките и правилата за студирање.

(5) Правилата за студирање на Факултетот се донесуваат во согласност со правилата за студирање на Универзитетот.

**Престанок на статусот на студент**

**Член 23**

(1) На студентот му престанува статусот на студент на Факултетот во случаи утврдени со закон, Статутот на

Универзитетот и правилата за студирање на Универзитетот и на Факултетот.

(2) Статусот на студент може да биде обновен согласно со условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

(3) Студентот, за обновување на статусот на студент поднесува барање до деканот, во писмена форма и придружено со соодветна документација.

(4) Барањата се поднесуваат во роковите за упис на зимскиот семестар во тековната учебна година.

(5) Барањата поднесени надвор од роковите од ставот 4 на овој член ќе се сметаат за ненавремени и нема да се разгледуваат.

(6) По барањата за обновување на статусот на студент одлучува деканот, односно од него овластениот продекан.

(7) На студентот, со решение му се врши признавање на остварените кредити од претходните студии, доколку дошло до измени во студиската програма на која ги продолжува студиите на Факултетот.

(8) Студентот по обновување на статусот на студент студиите на Факултетот ги продолжува согласно со општите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Дисциплински мерки**

**Член 24**

(1) На студент на Факултетот за повреда на должностите и за неисполнување на обврските може да му се изрече дисциплинска мерка, во постапка за утврдување дисциплинска одговорност утврдена во Статутот на Универзитетот.

**Заменик студентски правобранител**

**Член 25**

(1) На Факултетот, од страна на Факултетското студентско собрание, се избира заменик -студентски правобранител, врз основа на објавен конкурс од редот на редовните студенти од Факултетот, со мандат од две години, без можност за реизбор.

(2) Заменик-студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.

(3) Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница се должни да ги разгледаат и да постапат согласно со укажувањата на заменик-студентскиот правобранител.

(4) Заменик-студентскиот правобранител за својата работа поднесува годишен извештај до Студентскиот правобранител и до Наставно-научниот совет на Факултетот.

(5) Постапка за разрешување на заменикот-студентски правобранител можат да покренат членовите на факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на Факултетот. За разрешување на заменикот-студентски правобранител одлучува Факултетското студентско собрание.

(6) Надлежноста, условите за избор, постапката за избор и разрешување и работата на заменикот-студентски правобранител се утврдува со акти на Факултетот и студентското собрание.

(7) Актот на Факултетот од став 6 на овој член се донесува од страна на Наставно-научниот совет.

**Факултетско студентско собрание**

**Член 26**

(1) Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите од Факултетот.

(2) Факултетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку свои претставници во работата на органите и телата на Факултетот и ги претставува студентите во рамките на високото образование како членови на академската заедница.

(3)Факултетското студентско собрание работи согласно со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот, Статутот на Универзитетското студентско собрание, Статутот и актите на Факултетот, како и согласно со Статутот на Факултетското студентско собрание.

(4) Факултетското студентско собрание има статут, кој го донесува по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот.

(5) Работата на Факултетското студентско собрание се финансира со средства на Факултетот, како и со средства од други извори согласно со закон.

(6) Факултетот врши надзор над наменското трошење на средствата кои ги доделува на Факултетското студентско собрание. Собранието до Наставно-научниот совет доставува годишен извештај за трошењето на средствата, во рок од еден месец од истекот на календарската година.

**Член 27**

(1) Со Факултетското студентско собрание претседава претседател. Претседателот на Факултетското студентско собрание ги извршува одлуките на Факултетското студентско собрание, ги застапува студентите и Факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа.

(2) Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година, со право на уште еден избор.

(3) Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во која се избира претседателот и членовите на Факултетското студентско собрание.

**Член 28**

(1) Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание, со одлука, ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

(2) Доколку деканот на Факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рок од 30 дена пред нивното одржување, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од 30 дена пред одржување на изборите.

(3) Изборот на членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се одржува секоја година во термин утврден во Статутот на Универзитетското студентско собрание.

(4) Во одлуката за распишување на избори, деканот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите за членови на факултетското студентско собрание.

(5) Одлуката за распишување избори се објавува на веб-страницата на Факултетот.

(6) Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти.

(7) Изборната комисија избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник, за спроведување на изборите.

**Член 29**

(1) Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

**Член 30**

(1) Факултетското студентско собрание брои 25 претставници на студентите.

(2) Кандидатите за претставници во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по студиски програми, со тоа што од секоја студиска програма се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание. Бројот на претставниците од студиските програми на прв циклус студии - додипломски студии, на втор циклус студии - постдипломски студии и на трет циклус студии - докторски студии се утврдува со Статутот на Факултетското студентско собрание.

**Член 31**

(1) Факултетот обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание.

**Учество на студентите во управувањето**

**Член 32**

(1) Факултетското студентско собрание ги избира и ги разрешува претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот, согласно со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

(2) Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира Факултетското студентско собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

(3) Факултетското студентско собрание ги избира претставниците на студентите во Наставно-научниот совет, Деканатската управа и во другите органи и тела на Факултетот на седница, со тајно гласање. Факултетското студентско собрание за изборот на претставниците на студентите може полноважно да одлучува доколку на седницата се присутни две третини од вкупниот број негови членови. За претставници на студентите избрани се кандидатите што добиле мнозинство гласови од присутните членови на Факултетското студентско собрание.

(4) Претседателот на Факултетското студентско собрание доставува потпишан записник и одлука за извршениот избор на претставници на студентите во органите и телата на Факултетот и ги доставува до деканот на Факултетот во рок од 3 (три) дена по извршениот избор.

(5) Разрешувањето на претставниците на студентите се врши на ист начин како и за нивниот избор.

(6) Во случај на престанок на мандат на претставник на Факултетското студентско собрание во органите и телата на Факултетот пред истекот на времето за кое е избран, Факултетското студентско собрание е должно да избере нов член во рок од 14 дена од денот на престанокот на мандатот. Мандатот на новиот претставник трае до истекот на мандатот на претходниот претставник.

## VI. САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Член 33**

(1) Факултетот врши самоевалуација за проценка на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, на управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети.

(2) Самоевалуацијата ја врши комисија за самоевалуација на Факултетот.

(3) Комисијата самоевалуацијата ја врши на начин и според условите определени со Статутот на Универзитетот.

(4) Членовите на Комисијата за самоевалуација се избираат со тајно гласање од Наставно-научниот совет на Факултетот.

## VII. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 34**

(1) За вршење на својата дејност, Факултетот може да ги основа следниве внатрешни организациони единици: институти, оддели, катедри, лаборатории, центри, библиотека, стручна служба и други внатрешни организациони единици.

**Институти и Оддел**

**Член 35**

(1) Институтите и Одделот се основни внатрешни наставно-научни организациони единици на Факултетот.

(2) Во рамките на институтите се организираат и функционираат катедри и лаборатории.

(3) Во рамките на Одделот се организираат и функционираат катедри.

**Член 36**

(1) На Факултетот се организирани и функционираат следниве институти и Оддел во рамките на кои се организирани и функционираат следниве катедри и лаборатории:

1. **Институт за производно инженерство и менаџмент**
   - Катедра за производни технологии и системи;
   - Катедра за технологии на обликување со пластична деформација;
   - Катедра за индустриско инженерство и менаџмент;
   - Лабораторија за производни технологии и процеси;
   - Лабораторија за метрологија на геометриски карактеристики и истражување на квалитет;
   - Лабораторија за технологии на обликување и брзи прототипови;
   - Лабораторија за компјутерски интегрирано производство (ЦИМ);
   - Лабораторија за индустриско инженерство и менаџмент.

2. **Институт за машински конструкции, механизациони машини и возила**
   - Катедра за механизациони машини и возила;
   - Катедра за конструирање;

- Лабораторија за конструирање и индустриски дизајн;
- Лабораторија за механизациони машини;
- Лабораторија за возила.

3. **Институт за термичко инженерство**
- Катедра за термотехника;
- Катедра за термоенергетика;
- Лабораторија за климатизација и топлински мерења;
- Лабораторија за ладилна техника, компресори и топлински пумпи;
- Лабораторија за котли и индустриски печки;
- Лабораторија за топлински турбини;
- Лабораторија за мотори со внатрешно согорување.

4. **Институт за хидраулично инженерство и автоматика**
- Катедра за механика на флуиди, хидраулични машини и постројки;
- Катедра за автоматика и мехатроника;
- Лабораторија за механика на флуиди и хидраулични машини;
- Лабораторија за автоматика и управувачки системи.

5. **Институт за заварување и заварени конструкции**
- Катедра за инженерски материјали;
- Катедра за заварување и сродни постапки;
- Катедра за метални конструкции;
- Лабораторија за инженерски материјали;
- Лабораторија за заварување и сродни постапки;
- Лабораторија за дефектоскопија и металографија;
- Лабораторија за конструкции.

6. **Институт за механика**
- Катедра за статика и јакост;
- Катедра за механика на машини и мехатроника;
- Лабораторија за вибрации, бучава и механика на машини.

7. **Оддел за математика и информатика**
- Катедра за математика и
- Катедра за информатика.

**Член 37**

(1) Институт може да се формира за определена област од делокругот на работењето на Факултетот, ако има најмалку пет членови, од кои најмалку три членови со наставно-научно звање, и најмалку десет наставни предмети.

(2) Оддел може да се формира за определена фундаментална област на Факултетот, ако има најмалку три членови, од кои најмалку два членови со наставно-научно звање, и најмалку пет наставни предмети.

(3) Членови на институт и оддел се наставниците и соработниците во работен однос на Факултетот кои се избрани во наставно-научно и во соработничко звање на научноистражувачките области кои што влегуваат во дејноста на институтот, односно одделот.

(4) Во работата на институтот можат да учествуваат лаборантите, без право на глас.

**Член 38**

(1) Институтите и одделот непосредно ја организираат и ја реализираат наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност, во областите од делокругот на работењето на Факултетот за кои се основани.

(2) Институтите и одделот во рамките на својата дејност:

1. организираат и остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
2. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за научноистражувачката работа;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирање на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високо-образовната, научноистражувачката и применувачката работа;
4. организираат и остваруваат применувачка дејност;
5. изведуваат стручни, советувачки и други применувачки услуги;

6. се грижат за пренесувањето на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивното вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
7. развиваат современи педагошки методи;
8. се грижат за создавањето научен подмладок;
9. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
10. го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа;
11. ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
12. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература и се грижат да ги обезбедат за студентите;
13. се грижат за успехот и работата на студентите и предлагаат мерки за подобрување на успехот;
14. овозможуваат изработка на дипломски, магистерски и докторски трудови;
15. предлагаат распишување на конкурси за избор на наставници и соработници и предлагаат членови на рецензентски комисии;
16. се грижат за рамномерно оптоварување на наставниците и соработниците;
17. вршат самоевалуација на работата на институтот и неговите членови;
18. предлагаат распоред на часови за предавања и вежби за наставниците и соработниците за секоја академска година (покриеноста на наставата, односно преглед на предавања и вежби);
19. ја организираат, подготвуваат и изведуваат теоретската, лабораториската, практичната и теренската настава според студиската програма и одговараат за реализација на наставната програма;
20. им овозможуваат на наставниците и соработниците изведување експерименти во рамките на нивните научноистражувачки теми, проекти и докторски дисертации;
21. изготвуваат технички елаборати, студии и експертизи;
22. извршуваат стручни работи, вршат лабораториски мерења и испитувања за фирми и институции;
23. вршат атестирање и испитувања на производи, опрема и друго;
24. даваат иницијатива за формирање институти, катедри и лаборатории од областите што ги покриваат, како и за формирање акредитирани лаборатории и тела;
25. се грижат за подобрување на опременоста на лабораториите;
26. вршат и други работи утврдени со овој статут.

**Член 39**

(1) Институтот/одделот полноважно одлучува, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(2) Со институтот/одделот раководи раководител кој е од редот на наставниците, членови на институтот/одделот.

(3) Раководителот на институтот/одделот се избира со мандат од 3 (три) години, со право на еден реизбор.

(4) Раководител на институт/оддел се избира на тајни и непосредни избори, од страна на членовите на институтот/одделот.

(5) За избор на раководител, институтот/одделот полноважно одлучува доколку се присутни најмалку две третини од вкупниот број членови, а за избран се смета кандидатот за кој гласале мнозинството од присутните членови.

(6) Деканот на Факултетот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на институт/оддел во рок од 7

дена по извршениот избор на раководител на институт/оддел.

(7) Доколку деканот на Факултетот не донесе одлука со која се констатира изборот на раководител на институт/оддел во рок од 7 дена, се смета дека одлуката е донесена во моментот кога деканот на Факултетот е известен за извршениот избор на раководител на институт/оддел.

**Член 40**

(1) Доколку институтот/одделот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител или во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, најдоцна во рок од три дена од истекот, односно престанокот на мандатот на раководителот, деканот на Факултетот именува в.д. раководител на институт/оддел, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува.

(2) Мандатот на времениот вршител на должност раководител на институт/оддел трае до завршување на постапката за избор на раководител, а најмногу 3 месеци, при што за времен вршител на должност раководител на институт/оддел едно лице може да биде именувано само еднаш.

(3) Времениот вршител на должност раководител на институт/оддел постапката за избор на раководител на институтот/одделот ја спроведува и завршува најдоцна во рок од 3 месеци од денот на неговото назначување за в.д. раководител.

(4) Ако во рокот од став 3 од овој член не се избере раководител на институт/оддел, се применува одредбата од ставот 1 на овој член во однос на в.д. раководител.

(5) Деканот со одлука го констатира престанокот на мандатот на времениот вршител на должност раководител на институт/оддел

**Член 41**

(1) Во случај на отсуство на раководителот подолго од еден месец (студиски престој, боледување, платено отсуство), него времено може да го заменува член на институтот/одделот од редот на наставниците, но не подолго од три месеци.

(2) Раководителот на институтот/одделот најдоцна во рок од три дена од настапувањето на случајот од став 1 на овој член е должен да ги извести членовите на институтот/одделот и деканот на Факултетот.

(3) Институтот/одделот постапува по известувањето на раководителот во рок од 15 дена од денот на поднесувањето и предлага член од неговиот состав кој времено ќе го заменува раководителот. Ако во овој рок институтот/одделот не постапи по известувањето, седница на институтот/одделот свикува деканот на Факултетот, во рок од три дена од истекот на рокот за постапување.

(4) Предлогот на институтот/одделот за членот од неговиот состав кој ќе го заменува раководителот се утврдува согласно член 39 став (5) од овој статут.

(5) Деканот на Факултетот со одлука го констатира времениот прекин на вршењето на функцијата раководител на институт/оддел и со одлука го констатира назначувањето на членот на институтот/одделот кој времено ќе го заменува раководителот.

(6) По враќањето од отсуството Деканот на Факултетот со одлука го констатира престанокот на времената замена на раководителот, како и продолжувањето на вршењето на функцијата раководител.

(7) Доколку институтот/одделот не утврди предлог во определениот рок, најдоцна три дена од истекот на рокот, деканот на Факултетот именува в.д. раководител на институт/оддел.

(8) Во случајот од став 7 на овој член се применуваат одредбите од член 40 од овој статут.

(9) Кога раководителот на институтот/одделот не е отсатен, но поради спреченост не може да присуствува на седница на Деканатската управа може да овласти член на институтот/одделот од редот на наставниците што ќе го заменува на седницата. Овластувањето се дава во писмена форма и се заверува во архива.

**Член 42**

(1) На раководителот на институтот/одделот му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следниве случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако биде разрешен;
- ако му престанал работниот однос;

- ако настане трајна спреченост за вршење на функцијата;
- во други случаи утврдени со закон.

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, со одлука на деканот на Факултетот се констатира дека на раководителот му престанал мандатот.

(3) Доколку деканот на Факултетот во рок од 7 дена од настапување на случаите од ставот 1 на овој член не донесе одлука со која се констатира дека на раководител на институт/оддел му престанал мандатот, се смета дека одлуката е донесена во моментот кога деканот на Факултетот е известен за настапување на таквиот случај.

(4) Мандатот на новиот раководител трае до истекот на мандатот на претходниот раководител.

**Член 43**

(1) Образложена иницијатива за разрешување на раководител на институт/оддел можат да поднесат најмалку една третина од вкупниот број членови на институтот/одделот, деканот на Факултетот или Деканатската управа.

(2) Институтот/одделот одлучува по иницијативата за разрешување на раководителот во рок од 15 дена од денот на поднесување на иницијативата. Ако во овој рок институтот/одделот не донесе одлука по иницијативата, седница на институтот/одделот за одлучување по иницијативата свикува деканот на Факултетот, во рок од три дена од истекот на рокот за одлучување.

(3) Доколку иницијативата биде прифатена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на институтот/одделот се спроведува постапка за разрешување на раководителот.

(4) Во рок од 15 дена од прифаќањето на иницијативата се одржува состанок на институтот/одделот на кој се одлучува по предлогот за разрешување на раководителот. Во истиот рок раководителот на институтот/одделот доставува писмено изјаснување до членовите на институтот/одделот по иницијативата и предлогот за разрешување.

(5) Институтот/одделот одлучува за разрешување на раководителот во постапка како за неговиот избор.

**Член 44**

(1) Раководителот на институтот/одделот:

1. ја организира и ја води работата на институтот/одделот и се грижи и е одговорен за навремено извршување на работите од дејноста на институтот/одделот;
2. ги свикува и ги води состаноците на институтот/одделот;
3. се грижи за редовното изведување на наставно-образовната и на научноистражувачката работа од областа на институтот/одделот;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот/одделот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на институтот/одделот;
6. се грижи за работната дисциплина во институтот/одделот;
7. поднесува годишен извештај за својата работа пред институтот/одделот и пред деканот;
8. се грижи за состојбата на просторот и опремата што ги користи институтот/одделот;
9. се грижи за создавање и развој на научен подмладок;
10. ги известува вработените од институтот/одделот за работата на Деканатската управа;
11. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Катедри**

**Член 45**

(1) Катедрите се организираат и функционираат во рамките на институтите и Одделот и непосредно се грижат за реализирање на наставно-научната дејност и за развој на наставните и научните области (дисциплини) за кои се основани. Со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области.

(2) Катедра може да се формира за определена област од делокругот на работењето на Институтот/Одделот, ако има

најмалку двајца членови, од кои најмалку еден член со наставно-научно звање.

(3) Катедрата ја сочинуваат наставниците и соработниците во работен однос на Факултетот кои се избрани во наставно-научно и во соработничко звање на научноистражувачките области за кои што е основана катедрата.

(4) Во работата на катедрата можат да се вклучат и студенти, без право на глас.

**Член 46**

(1) Катедрата полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број нејзини членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови на катедрата.

(2) Катедрата има раководител кој ја организира и води работата на катедрата.

(3) Раководителот на катедрата особено се грижи за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставните дисциплини од областа на катедрата, за развој на нови наставни дисциплини и за пренесување на научноистражувачките резултати во практиката. Го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа и во работата на катедрата и се грижат да обезбедат учебници, учебни помагала и друга стручна литература за наставните дисциплини од катедрата.

(4) Раководителот на катедрата се избира од членовите на катедрата од редот на наставниците.

(5) Раководителот на катедрата се избира со мандат од 3 (три) години.

(6) Изборот на раководител на катедрата се врши со јавно гласање, со мнозинство гласови од присутните членови на катедрата.

(7) Доколку членовите на катедрата не успеат да направат избор на раководител во рок определен за изборни активности од Наставно-научниот совет, избор на раководител на катедра го врши институтот/одделот на начин и во постапка како за избор на раководител на институт/оддел.

(8) Деканот на Факултетот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на катедра, во рок од 7 дена по извршениот избор на раководител на катедра.

**Лабораtории**

**Член 47**

(1) Лабораториите се организираат и функционираат во рамките на институтите за практично изведување на наставнообразовната, научноистражувачката и применувачката работа, за потребите на институтите и пошироко за потребите на другите организациони единици на Факултетот.

(2) Лабораторијата има раководител кој ја организира и води нејзината работа.

(3) Раководителот на лабораторијата особено се грижи за подобрување на опременоста на лабораториите и за одржувањето на опремата. Овозможува на наставниците и соработниците да изведуваат експерименти во рамки на нивните научноистражувачки теми, проекти и докторски дисертации, како и на студентите изработка на дипломски, магистерски, докторски трудови и научни трудови.

(4) Раководителот на лабораторијата се избира од членовите на институтот од редот на наставниците и соработниците.

(5) Раководителот на лабораторијата се избира со мандат од 3 (три) години.

(6) Изборот на раководител на лабораторија се врши со јавно гласање, со мнозинство гласови од присутните членови на институтот.

(7) Деканот на Факултетот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на лабораторија, во рок од 7 дена по извршениот избор на раководител на лабораторија.

**Акредитирани лабораtории и тела**

**Член 48**

(1) Во рамките на применувачката високостручна дејност која ја вршат институтите можат да се организираат инспекциски и сертификациони тела, тест и калибрациони лаборатории и други акредитирани, односно овластени тела и лаборатории, согласно пропис.

(2) Одлуките за формирање на овие тела и лаборатории донесува Деканатската управа на Факултетот на предлог на институт од соодветната област.

(3) Со одлуката од ставот 2 на овој член се именува раководителот и заменикот на раководител на овластеното тело и

лабораторија на предлог на институт од соодветната област.

(4) Овластените тела работат и се организираат согласно актите за акредитација и прописите со кои е уредено вршењето на дејноста.

Заеднички одредби за институти, оддели, катедри и лаборатории

**Член 49**

(1) Институтите, одделите, катедрите и лабораториите се формираат врз основа на елаборат за потребата и оправданоста за нивно формирање.

(2) Институтите, одделите, катедрите и лабораториите се основаат, се припојуваат, се делат и се укинуваат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа, за што одлучува Наставно-научниот совет на Факултетот, со измена на овој Статут.

(3) Наставно-научниот совет донесува одлука за започнување постапка за избор на раководители на институтите и одделот, на катедрите и на лабораториите по изборот на деканот. Постапката за избор на раководители се спроведува согласно со План - роковникот што го донесува Наставно-научниот совет.

**Центри**

**Член 50**

(1) Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката дејност, применувачката дејност, како и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување на информатички и информациско-документациски активности.

(2) Раководителот на центарот го именува деканот, за период од 3 (три) години.

(3) Раководителот на центарот е должен да изработува годишни извештаи за работата на центарот што ги доставува до Наставно-научниот совет.

**Член 51**

(1) Наставно-научниот совет, со одлука за формирање на центар, утврдува за која цел се основа центарот, просторот каде што ќе биде лоциран, кадровската екипираност, корисниците, финансиската конструкција на работењето на центарот, како и други работи битни за неговото функционирање.

(2) Центар може да се формира доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

**Центар за кариера**

**Член 52**

(1) Факултетот може да основа центар за кариера.

(2) Составот, организацијата, делокругот, начинот на работа и други прашања од значење за работата на центарот за кариера се утврдуваат и уредуваат со актот за негово основање, кој на предлог на Деканот го донесува Деканатската управа.

(3) Центарот за кариера води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни), организира саеми за кариера и врши други работи согласно со актот од ставот 2 на овој член.

(4) Во рамките на центарот за кариера може да се формира одбор за поддршка (алумни) на Факултетот и центар за нови студенти.

Одбор за поддршка (алумни) на Факултетот

Член 53

(1) Одборот за поддршка (алумни) на Факултетот работи во рамките на центарот за кариера и има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите што завршиле на трите циклуси на студии (додипломски, постдипломски и докторски студии) на Факултетот.

(2) Работата на одборот за поддршка (алумни) е усогласена со работата на центарот за кариера.

(3) Организацијата, делокругот, начинот на работа и други прашања од значење за работата на одборот се утврдуваат и уредуваат со актот за негово формирање, кој на предлог на Деканот го донесува Деканатската управа.

Центар за нови студенти

**Член 54**

(1) Центарот за нови студенти работи во рамките на центарот за кариера и има

основна цел да ги промовира и претставува студиите на Факултетот и Факултетот пред идните студенти, пред и преку медиумите, на настани, свечености, промоции и низ други организирани форми и активности од страна на Факултетот, Универзитетот и во соработка со други организации, институции и фирми. Центарот помага при уписите на новите студенти на сите три циклуси на студии на Факултетот и ја организира и реализира промоцијата на дипломираните студенти.

(2) Работата на центарот за нови студенти е усогласена со работата на центарот за кариера.

(3) Организацијата, делокругот, начинот на работа и други прашања од значење за работата на центарот се утврдуваат и уредуваат со актот за негово формирање, кој на предлог на Деканот го донесува Деканатската управа.

**Основање на друга организација**

**Член 55**

(1) Факултетот може, под услови утврдени со закон, да основа трговско друштво.

(2) Акт за основање трговско друштво донесува Наставно-научниот совет, по предлог на Деканатската управа.

(3) Кон одлуката е потребно да се обезбедат, елаборат за основање, средства за работа, план и програма за работа, објект,

други услови.

**Член 56**

(1) Факултетот како единствен содружник го основал Трговското друштво Центар за истражување, развој и континуирано образование ЦИРКО ДООЕЛ Скопје.

(2) Предмет на работење на Друштвото се сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.

(3) ЦИРКО е основани и врши дејности за потребите на Машинскиот факултет во Скопје.

(4) Работите од надлежност на единствениот содружник ги врши Деканатската управа на Факултетот. Деканатската управа го именува управителот на ЦИРКО од наставниците на Факултетот.

(5) ЦИРКО е организиран, функционира и работи во сектори кои се формираат на предлог на институтите на Факултетот. Раководители на секторите можат да бидат само лица од редот на наставниците на Факултетот избрани во научна област во која е дејноста на секторот. Раководителите ги именува Деканатската управа на предлог од соодветниот институт.

**Стручна и административна служба**

**Член 57**

(1) На Факултетот за вршење на стручните и административни работи се организира и функционира Стручна и административна служба, како дел од интегрираната Стручната и административна служба на Универзитетот.

(2) Стручната и административна служба на Факултетот се организира по одделенија.

(3) Со работата на Стручната и административна служба на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот на Факултетот.

**Член 58**

(1) Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

(2) Секретарот, покрај правата и одговорностите утврдени со актот за систематизација му предлага на деканот решенија во врска со правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар.

**Член 59**

(1) Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот по предлог на деканот на Факултетот, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот и овој Статут и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 60**

(1) Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во

Стручната и административна служба се уредуваат со актот за систематизација на Факултетот.

**Компјутерски центар**

**Член 61**

(1) На Факултетот се организира и функционира Компјутерски центар, кој дејствува во областа на примената на информациската и комуникациската технологија.

(2) Компјутерскиот центар, како дел од интегрираниот универзитетски информативен систем, ги координира планирањето, проектирањето, изградбата и одржувањето на информациската и комуникациската инфраструктура на Факултетот.

(3) Компјутерскиот центар се организира и функционира по принципот на организација и функционирање на одделенијата во Стручната и административна служба на Факултетот.

(4) Раководителот на Компјутерскиот центар за својата работа е одговорен пред деканот на Факултетот.

(5) Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Компјутерскиот центар се уредуваат со актот за систематизација на Факултетот.

**Библиотека**

**Член 62**

(1) Библиотеката учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

(2) Библиотеката ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за наставниот кадар и помага во водење на базите воспоставени на факултетот (репозиториуми) поврзани со издавање на учебници, монографии, учебни помагала и други трудови.

(3) Библиотечните работи ги врши Факултетот заедно со Библиотеката на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

## VIII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 63**

(1) Органи на Факултетот се: наставно-научен совет, декан и деканатска управа.

**Наставно-научен совет**

**Член 64**

(1) Наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на Факултетот.

**Член 65**

(1) Наставно-научниот совет на Факултетот го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во редовен работен однос на Факултетот.

(2) Во Наставно-научниот совет свои претставници избира и Факултетското студентско собрание.

(3) Бројот на претставниците на студентите изнесува 10% од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет, односно претставува првиот нареден цел број од 10%. Бројот на претставниците на студентите се утврдува на септемвриската седница на Наставно-научниот совет во годината во која започнува мандатот на претставниците на студентите и е непроменлив до истекот на мандатот.

(4) Мандатот на претставниците на студентите е две години. Мандатот започнува да тече од денот на верификацијата на мандатот на претставниците на студентите. Наставно-научниот совет верификацијата на мандатот на претставниците на студентите го врши на првата наредна седница по нивниот избор.

(5) По истекот на мандатот претставниците на студентите немаат право да учествуваат во одлучувањето, кое се констатира во записникот од седницата на Наставно-научниот совет.

(6) Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

**Член 66**

(1) Претставниците на студентите се избираат и разрешуваат од Факултетското студентско собрание.

(2) Студентите од втор циклус на студии се застапени со најмалку еден претставник.

(3) Една студиска програма од прв циклус на студии, како и од втор циклус на студии не може да биде застапена со повеќе од еден претставник.

**Член 67**

(1) Присуството на членовите на Наставно-научниот совет на седниците на Наставно-научниот совет е задолжително.

(2) Деканот на Факултетот е овластен да презема мерки утврдени со акт на Наставно-научниот совет за наставниците кои неоправдано отсуствуваат од седница на Советот.

(3) За претставниците на студентите кои отсуствуваат на три последователни седници, односно на пет седници во текот на календарската година, Деканот е овластен да поднесе предлог до Факултетското студентско собрание да изврши замена на претставникот, односно да избере нов претставник. Мандатот на новиот претставник е до истекот на мандатот на претходниот претставник.

(4) Членовите избрани во комисиите и телата од Наставно-научниот совет имаат право и обврска да учествуваат во нивната работа.

**Член 68**

(1) Наставно-научниот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела, комисии и други работни групи.

**Надлежност и одлучување на Наставно-научниот совет**

**Член 69**

(1) Наставно-научниот совет, во рамките на својата надлежност:

1. донесува статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот на Универзитетот за потврдување;
4. избира продекани на Факултетот;
5. избира членови во Сенатот на Универзитетот (сенатори);
6. му предлага на Сенатот на Универзитетот студиски програми кои можат да бидат на македонски јазик и на англиски јазик;
7. донесува програма за научноистражувачка работа;
8. врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во соработнички звања, во насловни звања и демонстратори;
9. предлага број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус студии;
10. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година (покриеност на наставата - преглед на предавања и вежби);
11. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
12. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со закон;
13. ги донесува општите акти на Факултетот;
14. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
15. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката работа и за компјутерската мрежа;
16. избира и разрешува секретар на Факултетот;

17. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација што го донесува Националниот совет за високото образование и Упатството за евалуација на Универзитетот;
18. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој статут;
19. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично;
20. одлучува за остварување на меѓународната соработка;
21. ја разгледува иницијативата за предвремен престанок на изборот во звање;
22. одлучува по барања за платено и неплатено отсуство од работа на наставниците и соработниците;
23. утврдува потреба од нови наставници и соработници;
24. распишува конкурс за прв избор во наставно-научни, насловни и соработнички звања и засновање на работен однос на лица кои се избрани за првпат во соодветното звање, освен за насловните звања;
25. дава согласност на наставниците и соработниците за изведување настава на друг факултет при Универзитетот;
26. дава мислење до Сенатот на Универзитетот заради добивање согласност наставниците и соработниците од Факултетот да можат да изведуваат настава на друг универзитет;
27. доделува работни задачи за држење настава од сродни, како и од фундаментални наставни дисциплини на наставници и соработници, заради порамномерна оптовареност;
28. избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
29. избира членови на дисциплинската комисија за дисциплинска одговорност на студентите од Факултетот;
30. по претходно добиено одобрение од Ректорската управа поканува визитинг-наставници, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
31. склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;
32. одлучува за склучување на договори за двојна диплома (double degree) или за студиска програма за заедничка диплома (Joint Degree) согласно со Законот за високото образование;
33. организира различни облици на неформално учење согласно со Законот за високото образование;
34. избира членови на рецензентски и други комисии;
35. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан на Факултетот;
36. формира изборна комисија за спроведување постапка за избор на декан на Факултетот;
37. донесува деловник за работа и одлучување на органите и телата на Факултетот;
38. го разгледува извештајот за работа од заменик-студентскиот правобранител;
39. донесува правила за студирање на Факултетот;
40. одлучува по барањата на лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања да не се продолжи рокот за распишување на конкурс за избор во звање за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон;

41. врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот, со овој статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

(2) Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) При изборот во наставно-научни и соработнички звања и демонстратори не учествуваат студентите.

(4) За работите од ставот 1, точка 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни најмалку две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Член 70**

(1) Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот и со овој статут.

(2) За избор и разрешување на декан, продекан и за избор на сенатори Наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање.

(3) Наставно-научниот совет може да одлучи да гласа тајно и за прашањата за кои се гласа јавно. Одлуката за тајно гласање се донесува со јавно гласање.

**Член 71**

(1) Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

(2) Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

(3) Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет доколку тоа го бара најмалку една петина од членовите.

(4) Деканот е овластен за одредени прашања меѓу две редовни седници на Советот да спроведе електронско изјаснување на членовите. Прашањата, начинот на спроведување и валидизација на одлуките донесени по пат на електронско изјаснување ќе се уреди со актот за начинот на работа и одлучување на органите и телата на Факултетот (деловнички прашања) донесен од Наставно-научниот совет.

**Член 72**

(1) Факултетот со тајно гласање избира двајца претставници во Сенатот на Универзитетот (сенатори).

(2) За член на Сенатот може да биде избрано лице во редовен работен однос на Факултетот избрано во наставно-научно звање.

(3) За член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан или продекан.

(4) Мандатот на членот на Сенатот трае три години, со право на уште еден избор.

(5) Изборот на членовите на Сенатот го врши Наставно-научниот совет по предлозите на кандидати доставени од институтите и Одделот и предлозите на кандидати дадени на самата седница на Советот.

(6) Изборот на членовите на Сенатот се спроведува согласно со актот за начинот на работа и одлучување на органите и телата на Факултетот (деловнички прашања) донесен од Наставно-научниот совет.

(7) За прашања за кои се одлучува во Сенатот, а се од посебно значење за Факултетот, сенаторите бараат и добиваат насоки од Наставно-научниот совет.

(8) Сенаторите го информираат Наставно-научниот совет за одлуките на Сенатот.

**Декан**

**Член 73**

(1) Деканот е раководен орган на Факултетот.

(2) Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

(3) Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Надлежност на деканот

**Член 74**

(1) Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот;
2. ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
3. ги извршува одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет на Факултетот;
4. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност;
5. ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
6. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;
7. на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
8. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни и соработнички звања најрано 7, а најдоцна 6 месеци пред истекот на времето за коешто се избрани;
9. ги промовира студентите што завршиле прв и втор циклус студии и доделува награди;
10. управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот и со овој Статут;
11. може да покрене иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање**;**
12. предлага избор и разрешување на продекани;
13. ги потпишува индексот, студентската легитимација, уверенијата за завршени студии на сите три циклуси на студии и саплемент дипломите, а заедно со ректорот на Универзитетот ги потпишува дипломите на дипломираните студенти;
14. овластува лица за потпишување уверенија и други документи што се издаваат за студентите во текот на студиите;
15. може да го овласти секретарот на Факултетот да потпишува документи во рамките на тековните работи вообичаени за вршење на дејностите на Факултетот;
16. одлучува за правата, обврските и одговорностите од работен однос кои не се во надлежност на органите и телата на Универзитетот и на Факултетот;
17. дава овластување на продеканите за вршење на дел од своите права и обврски;
18. формира постојани и повремени работни тела за работи од неговата надлежност;
19. одлучува за барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот и на Факултетот;
20. ги координира активностите од научноистражувачките проекти и од применувачката дејност;
21. врши и други работи согласно со закон, Статутот на Универзитетот и со овој статут.

(2) Деканот е должен, најмалку еднаш во годината до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа. Доколку Наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан. Истиот ден кога Наставно-научниот совет нема да го прифати извештајот за работа на деканот на Факултетот, започнува постапка за избор на нов декан.

(3) Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт

и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

(4) За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да овласти одделни продекани.

Избор на декан

**Член 75**

(1) Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

(2) Правото на повторен избор се остварува согласно со Законот за високото образование.

(3) Деканот стапува на должност по правило на 15 септември.

**Член 76**

(1) Наставно-научниот совет го врши изборот на декан на седница, со тајно гласање.

(2) Одлуката за избор на декан ја потврдува Сенатот на Универзитетот.

(3) Одлука за започнување на постапката за избор на декан и за избор на комисијата за спроведување на изборот донесува Наставно-научниот совет, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан.

(4) Наставно-научниот совет по донесување на одлуката од ставот 3 на овој член може да донесе План - роковник за спроведување на постапката за избор на декан.

(5) Изборот на декан се врши на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот и со овој статут.

(6) Ако во определениот рок предвиден со Статутот на Универзитетот не биде избран декан на Факултетот, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на деканот, Ректорот именува времен вршител на должноста декан.

Разрешување на декан

**Член 77**

(1) Постапка за разрешување на декан може да се поведе ако деканот со своето работење битно го нарушува функционирањето на Факултетот, кога ја злоупотребил или несовесно ја врши функцијата и кога со своето однесување битно го нарушува угледот на Факултетот.

(2) Иницијатива за поведување постапка за разрешување на деканот со образложение, до Наставно-научниот совет можат да поднесат повеќе од половина од вкупниот број на институтите и одделот или повеќе од половина од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет.

(3) Доколку иницијативата биде прифатена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет се донесува одлука за поведување постапка за разрешување на деканот.

(4) Во рок од триесет дена од донесувањето на одлуката од ставот 3 на овој член се одржува седница на Советот на кој се одлучува по предлогот за разрешување на деканот. Во истиот рок деканот на Факултетот доставува писмено изјаснување до членовите на Советот по иницијативата и предлогот за разрешување.

(5) Наставно-научниот совет за разрешувањето на декан одлучува на ист начин како за избор на декан.

(6) Деканот кој е разрешен има право на приговор до Сенатот во рок од осум дена.

(7) Одлуката на Сенатот е конечна.

(8) Со разрешувањето на деканот престанува и функцијата на продеканите.

(9)Наставно-научниот совет со одлука го констатира престанокот на функцијата на продеканите.

Престанок на функцијата декан

**Член 78**

(1) На деканот, функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:

1. ако поднесе оставка од функцијата за којашто е избран;
2. ако настане трајна спреченост за вршење на функцијата;
3. ако е разрешен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот;

4. ако Сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот;
5. во други случаи определени со закон и со Статутот на Универзитетот.

(2) Во случај на престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран од ставот 1 на овој член, ректорот именува времен вршител на должноста декан.

(3) Наставно-научниот совет најдоцна во рок од триесет дена од денот на именувањето на времениот вршител на должноста декан започнува постапка за избор на нов декан.

Привремен вршител на должност декан

**Член 79**

(1) Ректорот го именува времениот вршител на должност декан по претходно добиена согласност од лицето кое го именува.

(2) Времениот вршител на должност декан се именува за време од шест месеци, согласно со Статутот на Универзитетот.

(3) За привремен вршител на должност декан едно лице може да биде именувано само еднаш.

(4) Времениот вршител на должност декан не може да се кандидира за декан додека ја врши функцијата привремен вршител на должност декан.

(5) Доколку постапката за избор на декан заврши пред истекот на времето за кое е именуван времениот вршител на должноста декан, Факултетот од ректорот ќе бара престанок на функцијата на времениот вршител на должност декан.

(6) Времениот вршител на должност декан може да именува времени вршители на должност продекан.

**Продекани**

**Член 80**

(1) На Факултетот се избираат 3 продекани.

**Член 81**

(1) Продеканите вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

**Член 82**

(1) Продеканите ги избира и ги разрешува Наставно-научниот совет по предлог на новоизбраниот декан, според постапката предвидена со овој Статут.

(2) Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

(3) Продеканите се избираат за време од три години, со право на уште еден избор. Правото на повторен избор го остваруваат согласно со Законот за високото образование.

(4) Мандатот на продеканите го следи мандатот на деканот согласно со одредбите од овој Статут.

(5) За својата работа продеканите одговараат пред деканот и пред Наставно-научниот совет.

(6) Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

(7)Продеканот истовремено не може да биде и раководител на институт/оддел на Факултетот.

**Член 83**

(1) По конечноста на одлуката за избор на декан, Наставно-научниот совет донесува одлука за започнување постапка за избор на продекани и може да донесе План-роковник за спроведување на постапката.

(2) Новоизбраниот декан, предлогот за кандидати за продекани со определена област го доставува до Наставно-научниот совет во писмена форма најдоцна една седмица пред седницата на која ќе се врши нивниот избор.

(3) Членовите на Наставно-научниот совет ги избираат продеканите со тајно гласање. За полноважност на изборот потребно е присуство на најмалку две третини од членовите, а за избран се смета кандидатот кој ќе добие мнозинство гласови од присутните членови.

(4) Доколку некој од предложените кандидати за продекани не го добие потребниот број гласови, на негово место деканот предлага нов кандидат.

**Член 84**

(1) Правилата од член 78 од овој статут за престанок на функцијата декан се применуваат и за престанок на функцијата продекан.

(2) Деканот може да поднесе предлог до Наставно-научниот совет за разрешување

на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција, не ја извршува или несовесно ја извршува функцијата на која е избран, или на лично барање од продеканот.

(3) Постапката за разрешување на продекан е иста како за негов избор.

**Деканатска управа**

**Член 85**

(1) Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има 12 члена.

(2) Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите, раководителите на институтите и одделот на Факултетот и претставник од Факултетското студентско собрание.

(3) Мандатот на претставникот на студентите е една година, со право на уште еден избор. Мандатот започнува да тече од денот на верификацијата на мандатот на претставникот на студентите. Деканатската управа верификацијата на мандатот на претставникот на студентите го врши на првата наредна седница по неговиот избор.

(4) По истекот на мандатот претставникот на студентите нема право да учествуваат во одлучувањето, кое се констатира во записникот од седницата на Деканатската управа.

(5) Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

Надлежност на Деканатската управа

**Член 86**

(1) Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
2. донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
3. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Наставно-научниот совет и деканот;
4. одлучува по предлозите од Наставно-научниот совет;
5. врши работи по овластување на Наставно-научниот совет;
6. донесува план за јавни набавки и одлуки за измена и дополнување на планот за јавни набавки;
7. донесува одлуки за потреба од јавни набавки;
8. донесува одлука за попис, формира комисија за попис и го разгледува и усвојува извештајот за извршениот попис;
9. формира комисија за расход и врши расход;
10. одлучува по жалби на студентите против решенија на деканот;
11. одлучува за правата од работен однос во втор степен;
12. утврдува предлог за потреба од нови наставници и соработници (избор по првпат);
13. презема мерки за подобрување на работната дисциплина на Факултетот;
14. донесува одлука за изгледот на веб-страницата на Факултетот, за информациите кои ќе се објавуваат, за одговорни лица за доставување и објавување на информациите на веб-страницата на Факултетот;
15. формира постојани и повремени комисии и работни тела;
16. формира овластени тела и лаборатории и именува раководители и заменици раководители на овластените тела и лаборатории;
17. дава предлог до Наставно-научниот совет за основање на трговско друштво;
18. донесува акти со кои го уредува работењето на научноистражувачките проекти и вршењето на применувачката дејност;
19. врши и други работи определени со закон, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

**Член 87**

(1) Деканатската управа работи на седници. Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

(2) Деканатската управа може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

(3) Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од присутните членови на Деканатската управа.

(4) Деканот има право да стави вето на општ акт и одлука на Деканатската управа кои се спротивни на законот и на актите на Факултетот и Универзитетот.

(5) Одлука по спорното прашање донесува Наставно-научниот совет. Одлуката на Советот е конечна.

(6) Деканот е овластен за одредени прашања меѓу две редовни седници на Управата да спроведе електронско изјаснување на членовите.Прашањата, начинот на спроведување и валидизација на одлуките донесени по пат на електронско изјаснување ќе се уреди со актот за начинот на работа и одлучување на органите и телата на Факултетот (деловнички прашања) донесен од Наставно-научниот совет.

## IX. СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии**

**Член 88**

(1) За организирање на вториот циклус студии на Факултетот се формираат наставно-научни колегиуми за втор циклус студии (во натамошниот текст - Колегиуми).

(2) Колегиумите се формираат за една, односно повеќе сродни студиски програми при институтите на Факултетот - предлагачи и носители на соодветните студиски програми и како заеднички колегиуми за студиските програми кај кои како носители се јавуваат два или повеќе институти, односно Одделот за математика и информатика.

(3) Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот се утврдува составот, односно студиските програми од втор циклус на студии кои влегуваат во Колегиумот согласно со став 2 од овој член.

(4) Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој статут.

**Член 89**

(1) Колегиумот го сочинуваат избраните наставници во работен однос на Факултетот што ја изведуваат наставата на вториот циклус студии на студиската програма.

(2) По исклучок на ставот 1 од овој член, член на Наставно-научниот колегиум е и еден наставник од Одделот за математика и информатика.

(3) Членот од Одделот за математика и информатика го определува одделот на барање од продеканот за меѓународна соработка, наука и развој.

(4) Мандат на членот од Одделот за математика и информатика трае 3 години.

(5) Деканот на Факултетот по усвојување на покриеноста на наставата на втор циклус студии, со решение го констатира составот на членовите на Колегиумот и го именува неговиот раководител согласно член 91 став 2 од овој статут.

Надлежност на Колегиумот

**Член 90**

(1) Колегиумот:

1. му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на втор циклус студии и за селекција на кандидатите;
2. доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите коишто имаат завршено други студиски програми;
3. се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
4. расправа по приговори во врска со уписот и носи одлуки по истите;
5. поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;
6. определува ментор на студии;
7. ја подготвува и спроведува постапката за пријава, одбрана и оценка на магистерскиот труд;

8. ги подготвува точките од дневниот ред на седниците на Наставно-научниот совет кои се однесуваат на постапката за пријавување, оценка и одбрана на магистерските трудови и ги доставува до деканот;
9. доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
10. на Наставно-научниот совет му предлага наслови на темите на магистерските трудови;
11. на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
12. на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оценка и одбрана на магистерските трудови;
13. утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
14. доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од вториот циклус на студии;
15. врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Раководител на Колегиумот

**Член 91**

(1) Со Колегиумот раководи раководител.

(2) Раководител на Колегиумот е раководителот на соодветниот институт/одделот согласно со одлуката на Советот со која се формираат и утврдува составот на колегиумите.

(3) Раководителот:

1. ја организира и ја раководи работата на Колегиумот;
2. одговорен е работите од надлежност на колегиумот да се вршат во согласност со актите на Универзитетот и Факултетот;
3. ги подготвува, свикува и ги води седниците на Колегиумот;
4. се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на Колегиумот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на Колегиумот;
6. ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на Колегиумот;
7. ги потпишува записниците од седниците на Колегиумот;
8. врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на Колегиумот и по барање на Наставно-научниот совет и деканот.

(4) Мандатот на раководителот на колегиумот трае 3 години, односно колку што трае мандатот на раководителот на институтот/одделот.

**Член 92**

(1) За секоја студиска програма, односно за повеќе сродни студиски програми се избира координатор на студиска/-и програма/-и.

(2) Координаторот на студиската/-те програма/-и избран од Колегиумот во чиј состав влегува/ат соодветната студиска/-и програма/-и го потврдува Деканатската управа.

(3) Координаторот на студиската/-те програма/-и го води и го координира наставниот процес на студиската/-те програма/-и.

(4) Мандатот на координаторот на студиската програма трае 3 години.

(5) Во решението од член 89 став 5 на овој статут се именува и координатор на студиска/-и програма/-и, согласно со Одлуката на Деканатската управа.

**Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 93**

(1) За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност во вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста.

(2) Одборот за соработка и доверба со јавноста има советодавна улога.

(3) За член на одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде избрано лице кое согласно со одредбите од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа.

(4) Одборот за соработка и доверба со јавноста брои пет члена, и тоа:

- 1 член избира Наставно-научниот совет од наставно-научниот кадар;
- 1 член – Собранието на Република Северна Македонија;
- 3 члена – претставници од деловната заедница.

(5) Со Одборот за соработка и доверба со јавноста раководи претседател кој е членот на Одборот што го избира Наставно-научниот совет на Факултетот.

(6) Мандатот на членовите на одборот за соработка и доверба со јавноста е три години, со право на уште еден избор.

(7) Одборот за соработка и доверба со јавноста ќе дава препораки и совети, во врска со: студиските програми; континуирано учење и соработка на Факултетот со стопанството.

## X. ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ

### Член 94

(1) Факултетот остварува приход и располага со средствата согласно со закон, Статутот на Универзитетот и општи акти на Универзитетот и Факултетот.

(2) Наставно-научниот совет го усвојува Годишниот финансов план и ја донесува Завршната сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот Финансиски план и консолидираната Завршна сметка на Универзитетот.

### Член 95

(1) Недвижниот имот што го користи Факултетот е имот во сопственост на Универзитетот согласно закон.

(2) Другите ствари што ги користи Факултетот, како и стварите стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештенија, се имот во сопственост на Факултетот.

## XI. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### Член 96

(1) Факултетот ја остварува високообразовна дејност преку реализација на академски студии врз основа на акредитирани студиски програми.

(2) Факултетот организира и реализира:

1. прв циклус на академски студии (додипломски студии);
2. втор циклус на академски студии (постдипломски студии);
3. трет циклус на академски студии (докторски студии).

(3) Факултетот може да организира интердисциплинарни студии.

(4) Факултетот може да организира стручни студии.

(5)Студиските програми преку кои се реализираат студиите на предлог на Наставно-научниот совет ги усвојува Сенатот на Универзитетот, а акредитацијата ја врши надлежен орган согласно со закон.

Програми за стручно и професионално усовршување

### Член 97

(1) На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

(2) Со одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член се уредуваат условите за запишување, следење и завршната проверка на знаење на лицата што ги посетувале овие програми, како и цената што ја плаќаат за нивна посета.

(3) Покрај програмите од став 1 на овој член, Факултетот може да организира различни облици на неформално учење согласно со закон. Одлука за организирање на различни облици на неформално учење донесува Наставно-научниот совет на Факултетот.

Промоција на завршени студенти

### Член 98

(1) На Факултетот, најмалку еднаш во текот на годината, се врши промоција на студентите што дипломирале, односно магистрирале. Дипломите и наградите на најдобрите дипломирани студенти ги доделува деканот на Факултетот, на свеченост.

## XII. НАСТАВНО-НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

**Член 99**

(1) На Факултетот наставно-научни звања се доцент, вонреден професор и редовен професор.

(2) Соработничко звање на Факултетот е асистент.

(3)На Факултетот можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии.

**Член 100**

(1) Изборот во наставно-научни и соработнички звања се врши во согласност со критериумите и општите услови утврдени со Законот за високото образование и според посебните услови утврдени со правилникот на Универзитетот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни и соработнички звања.

(2) Изборот на демонстратори се врши согласно Законот за високото образование и посебните услови и постапката пропишани со правилникот на Универзитетот од ставот 1 на овој член.

**Член 101**

(1) За изведување лабораториска и друг вид стручна настава на Факултетот може да се изберат стручни соработници.

(2) Изборот на стручните соработници се врши согласно условите утврдени со Законот за високото образование и постапката пропишана со акт на Наставно-научниот совет.

Платено и неплатено отсуство

**Член 102**

(1) На наставниците и на соработниците вработени на Факултетот, на секои пет години може да им се одобри платено, односно неплатено отсуство согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

(2) Правото на платено, односно неплатено отсуство се користи согласно со програма која на предлог на лицата од став 1 на овој член ја донесува Наставно-научниот совет.

(3) Предлогот од став 2 на овој член содржи област на усовршување, односно истражување, времетраење, очекувани резултати, назив на установата и сл.

(4) Наставно-научниот совет одлучува за отсуството од став 1 на овој член на предлог од институтот/одделот каде што припаѓа наставникот, односно соработникот, во кој предлог се наведува дека е обезбедена замена за наставните обврски.

(5) Доколку во текот на користењето на платеното отсуство настанат измени во условите, местото, одобрената програма и слично, лицето без одлагање е должно да го извести деканот на Факултетот.

(6) По известувањето од ставот 3 на овој член се постапува на ист начин како и при поднесувањето на барање за платено отсуство.

(7) Во зависност од променетите околности Советот може да одлучи на лицето да му го прекине платеното отсуството и да бара да се врати на работа или да му одобри да продолжи да го користи платеното отсуство под изменети околности.

(8) Лицето кое нема да постапи согласно со одлуката од ставот 5 на овој член ќе подлежи на правни последици по работниот однос согласно со закон.

**Член 103**

(1) Лице избрано во наставно-научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување во вкупно траење од најмногу 12 месеци, при што педагошката обврска (држење настава) се прераспределува на други наставници, при што нивната оптовареност не смее да се зголеми за повеќе од една третина.

## XIII. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 104**

(1) Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење

на стручните и административните работи и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## XIV. ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА

**Член 105**

(1) Начинот на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот се уредува со Деловник кој го носи Наставно-научниот совет на Факултетот.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 106**

(1) Деканот, продеканите, раководителите на институтите и Одделот, раководителите на катедрите и лабораториите, раководителите на Наставно-научните колегиуми и координаторите на студиските програми на втор циклус на студии продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на

**Член 107**

(1) Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет.

(2) Согласност на овој Статут дава Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 108**

(1) Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот

**Член 109**

(1) Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Машински факултет - Скопје**
**Декан**
**Проф. д-р Дарко Данев**

---

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на

Универзитетскиот сенат на 34. седниа одржана на 27.9.2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за давање согласност на Статутот на Машинскиот факултет во Скопје

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**